**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1752**

**З А П И С Н И К**

**Од 111-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 30.03.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Ивана Трајковска,м-р Ристе Панов,Илир Рамадани,Косана Николиќ Мазнева, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ,Арун Ибраими-Заменик директор на МРТ, Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство, Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет,Анета Андонова-одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ,Мигена Горенца-одговорен уредник на Втор програмски сервис и Елена Петровска-Ревизорска куќа БДО. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради вонредната состојба во државата, 111-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 12:20 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Консолидиран годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2019 година.

2. Нацрт Консолидиран Ревизорски извештај од независен овластен ревизор БДО Скопје.

3. Нацрт Поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор БДО Скопје.

4. Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП Македонска Радиотелевизија за 2019 година.

5. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на Консолидиран годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2019 година.**

Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац му даде воведен збор на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски.

Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски во своето излагање објасни дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, ДООЕЛ Аргус, ДООЕЛ Сцена и ДООЕЛ База за 2019 година без забелешки ,односно со мали забелешки по однос на зголемените трошоци за вода за кои добивме усмено известување дека истите се поради некој поголем дефект на водоводната мрежа во МРТ.

За целата расправа по точката имаме и донесено Заклучоци од седницата кои ќе ви бидат доставени и на вас како Програмски совет дополни претседателот на Надзорниот одбор.

Потоа Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац и даде збор на Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ,која детално го објасни пред присутните материјалот од Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, доoел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2019 година.

По расправата Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2019 година.

■ **Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дooел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2019 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Консолидираниот годишен финансиски извештај на ЈРП МРТ, дооел Аргус, дооел Сцена и дооел База за 2019 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Нацрт Консолидиран Ревизорски извештај од независен овластен ревизор БДО Скопје.**

Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац му даде воведен збор на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски.

Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски во своето излагање објасни дека на седницата на Надзорниот одбор на МРТ и двата Развизорски извештаи и поединечниот и консолидираниот биле разгледани, за консолидираниот ревизорски извештај изгласан е заклучок да се задолжи Директорот на МРТ и службите во ЈРП МРТ да подготват информација за состојбите и преземените активности во однос на забелешките на Ревизорот.

По ова свое видување даде и овластен ревизор Елена Петровска од ревизорската куќа БДО Скопје која истакна дека извршиле ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на ЈРП „Македонска радио телевизија“,Скопје,кои се состојат од Конослидиран извештај за финансиска состојба на 31 декември 2019 година, Конослидиран извештај за сеопфатна добивка, Конослидиран извештај за промените на капиталот и Конослидиран извештај за паричните текови за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, и како ревизорска куќа веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

По расправата по оваа точка беше предложен Заклучок:

●Програмскиот совет на МРТ констатира дека Консолидираниот ревизорски извештај за годината која завршува на 31.12.2019 година,е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во РС Македонија, и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската сосотојба на претпријатието.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Нацрт Поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор БДО Скопје.**
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац му даде воведен збор на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски во своето излагање објасни дека на седницата на Надзорниот одбор на МРТ и двата Развизорски извештаи и поединечниот и консолидираниот биле разгледани, за консолидираниот ревизорски извештај изгласан е заклучок да се задолжи Директорот на МРТ и службите во ЈРП МРТ да подготват информација за состојбите и преземените активности во однос на забелешките на Ревизорот.
По ова свое видување даде и овластен ревизор Елена Петровска од ревизорската куќа БДО Скопје која истакна дека извршиле ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈРП „Македонска радио-телевизија“, Скопје(во понатамошниот текст: Претпријатието), кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2019година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промените на капиталот и Извештајот за паричните текови за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

По расправата по оваа точка беше предложен Заклучок:
● Програмскиот совет на МРТ констатира дека Ревизорскиот извештај на незваниот овластен ревизор БДО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2019 година,е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во РС Македонија и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската сосотојба на претпријатието.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разгледување и усвојување на Извештај за реализација на Програмата за работа на ЈРП Македонска Радиотелевизија за 2019 година.**
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац му даде воведен збор на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски во своето излагање објасни дека на седницата на Надзорниот одбор на МРТ го разгледале Извештајот како материјал за информирање бидејќи не содржи никакви финансиски параметри.
Потоа излагање по Извештајот од програмта имаше Анета Андонова одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ која пред присутните објасни дека скоро цела програма која беше предвидена за 2019 година за прввиот програмски сервис е изреализирана со исклучок на големиот настан кој не беше предвиден “Посетата на папата Франциск“ но кој се изреализира без проблем.
Потоа и се даде збор на Мигена Горенца одговрен уредник на вториот програмски сервис на МТВ која рече дека главно е задоволна од реализацијата на програмата во 2019 година која се реализира над 90% од предвиденото.
После излагањата на уредничките за збор се јави членот на советот Златко Јанковски кој пред присуните јавно изрази благодарност и ги пофали сите вработени во МРТ кои периодов во новонастанатата кризна состојба работат на програмата на МРТ и околу неа,бидејќи очигледно е дека МТВ од сите ТВ куќи во državава најдобро и најпрофесионално се справува со вонредната ситуација во државата.

Членот Ристе Панов се надоврза на искажувањето на Златко и исто така со пофални зборови до програмата и сите вработени кои работат на истата и запраша како сега се снаоѓаат дали има некои проблеми или пречки.
На ова одговор даде уредничката на вториот програмски сервис на МТВ Мигена Горенца која објасни дека најмногу сега програмата се базира на информативната програма и пресовите на државните институции во врска со кризата како и на утринската детска образовна програма.
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац истакна дека од настапот на Директорот на МРТ на Дневникот на МТВ слушнавме дека се планира да се оспособи и да отпочне со работа детскиот канал кој беше планиран предходно,а и побара од урениците да обајснат како се одвива проектот ТВ училница.
Анета со одговор на ова дека со програма сме подготвени за новите канали односно првенствено за детскиот канал, но незнам како стоиме со техника за оспособување и почеток а што се однесува до проектот ТВ Училница се одвива непрекинато со поддршка на Министерство за обрзование и Уницеф.
Заменик директоротот Арун Ибраими посочи дека тоа ќе биде проблем и поради тоа што систематизацијата на работни места сеуште не е одобрена од МИОА.

По расправата Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2019 година.

■**Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2019 година** беше ставен на гласање

- ЗА гласаа:**12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за реализација на програмата за работа на Македонската Радио Телевизија за 2019 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разно**
По однос на оваа точка членот Снежана Клинчарова најпрвин со пофалба до вработените во МТВ за работењето во услови на вонредна ситуација како и по однос на програмата која се емитува,а подоцна согласно најавата на Директорот на МРТ за старт на детскиот канал предложи Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ и Одговорните уредници на сервисите во МТВ да достават Информација со програмска шема за Детскиот канал, како и програмска шема како ќе се исполни оној дел што ќе се ослободи од Прв и Втор програмски сервис на МТВ.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Во продолжение и членот Илир Рмадани по однос на дописните центри на МРТ низ државава предложи Заклучок:
● Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ и Одговорните уредници на сервисите во МТВ да достават Информација по однос на Дописните центри на МРТ,како функционираат,дали се активни во работата,како се опремени со техника,каков е односот помеѓу новинарите и камерманите и сл.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Претседателката на советот Смилка Јанеска Саркањац најпрвин во името на целиот Програмски совет изрази благодарност до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за донацијата на финансиски средства за справување со кризата и во продолжение предложи Заклучок:

● Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да достави Информација до каде е постапката за добивање на донација од АВМУ во износ од 30.000.000,00 денари наменета за ЈРП Македонска Радио Телевизија.

Информацијата да биде доставена по елктронски пат до Одделението за подршка на Програмскиот совет во рок од два дена.

-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател